Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 8, 11 јуни 2008 година

јуни 2008
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во научното подрачје животна средина на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за издавање на учебник со наслов „Основи на природните науки” на д-р Снежана Ставрева - Веселиновска, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за издавање на учебник со наслов „Здравствено воспитание” на д-р Снежана Ставрева - Веселиновска, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот Трговско право на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 20



Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Врз основа на член 132, став 1 до 5 од Законот за високото образование на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр.35/2008), а согласно член 9, став 2, 23 до 28 од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – „Универзитетски гласник“ број 2, од 1 ноември 2007 г., по завршувањето на рокот за сите пријавени кандидати на Конкурсот за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научните области: развојна психологија, социјална психологија и позитивна психологија, по предметите: Развојна психологија, Социјална психологија, Позитивна психологија и Ментално здравје на деца и адолесценти, објавен во весникот „Дневник“ на 22 мај 2008 г., Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, на седницата одржана на 2 јуни 2008 г., донесе Одлука бр.0210-132/6-2 за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Олга Мурџева- Шкариќ, претседател, проф. д-р Јаков Лазароски, член и проф. д-р Мирослава Николоска, член.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријавија две кандидатки: доц. д-р Ленче Милошева и м-р Велика Трајкова.

По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија утврди дека кандидатката м-р Велика Трајкова е магистер по психологија и согласно Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/2008 ), член 125, став 3, од критериумите за избор во наставно-научни звања и бараниот критериум, во согласност со распишаниот конкурс, за поседување докторат од соодветната наставно-научна област, не ги исполнува предвидените услови. Рецензентската комисија смета дека **доц. д-р Ленче Милошева** е единствената кандидатка која согласно Законот за високото образование, член 125, ги исполнува предвидените услови.

Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## 1. Биографски податоци

**Доц. д-р Ленче Милошева** е родена на 24 јули 1968 г. во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип, како првенец на генерацијата. Студиите ги завршува во 1990 г. на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, како најдобар студент во групата. Во 1991 г. се запишува на магистерски студии на Економскиот факултет - Маркетинг, а со успешно одбранета магистерска теза од областа на применета психологија во маркетингот завршува во 1994 г. Понатамошното усовршување го продолжува на Институтот за психологија, на постдипломско ниво, каде од 1995 до 1996 г. ги положува предвидените испити и ги комплетира постдипломските студии од областа на психологијата.

Докторската теза од областа на психологијата (мултидисциплинарен пристап кој вклучува социјална, развојна и позитивна психологија) ја пријавува во 1999 г. на Институтот за психологија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во 2002 г. по успешната одбрана на докторската дисертација се стекнува со академски степен доктор по психолошки науки.

Со Одлука бр.0202-576 од 18.11.2003 г., Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет на 36-тата редовна седница ја избра д-р Ленче Милошева за доцент по предметите: Развојна психологија и Методика на работа со деца со пречки во развојот - лесно ментално ретардирани деца на Одделот за одделенска настава и Одделот за предучилишно воспитување.

Наставно-научниот совет на 56-тата седница одржана на 12.7.2004 г. донесе Одлука бр. 0202-456 за ангажирање на доц. д-р Ленче Милошева за изведување настава за предметите: Педагошка психологија и Социјална психологија на Одделот за одделенска настава и Одделот за предучилишна воспитување.

Матичната комисија за основање на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, врз основа на претходно распишан Конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања, на 12.4.2007 г., донесе Одлука за избор на д-р Милошева во професор на Високата здравствена школа.

Со формирањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, по предлог на Наставно-научниот совет на Високата здравствена школа и со согласност на Ректорската управа, д-р Милошева, покрај редовните обврски на Педагошки факултет, од октомври 2007 г. е ангажирана на Високата здравствена школа за изведување настава по предметите Позитивна психологија и Здравствена психологија.

Нејзиното понатамошно постдокторско усовршување продолжува на универзитетите во Европа и во САД.

Како посебно важно за нејзиниот академски развој го наведува академскиот престој како визитинг-професор од јануари до јуни 2007 г. во САД. Во постдокторското усовршување е насочена во неколку наставно-научни области: развојна психологија и психопатологија, применета развојна психологија, позитивна психологија и ментално здравје (превенција и советување).

Доц. д-р Ленче Милошева е член на повеќе меѓународни професионални асоцијации, рецензент е на трудови во разни меѓународни списанија и е член на организациони одбори на меѓународни конференции.

Од поднесената документација имавме можност да видиме дека како резултат на нејзината долгогодишна меѓународна активност има голем број презентирани и публикувани научни трудови на меѓународни конференции, монографски изданија и научноистражувачки проекти во странство.

Својата академска кариера доц. д-р Милошева ја започнува во 1997 г., како клинички психолог на Невропсихијатриските одделенија во Воена болница - Скопје. Таму работи до 2004 г. и се стекнува со клиничко искуство во областа на менталното здравје: проблеми и превенции, психодијагностика, психотерапија и психолошко советување. Во тој период доц. д-р Милошева членува и раководи со тимот на специјалисти одговорни за изготвување на психолошки профил за селекција на кандидати за кадети и за специјални работни места и задачи во службите за одбрана на Р. Македонија. Истовремено, таа изведува настава по предметот Психологија на кадетите на Воена академија во Скопје. Учествува како медијатор, презентер на интернационални и на национални конференции. Публикува научноистражувачки трудови во списанија. Искуството кое претходно го стекнува како менаџер и учесник во проекти во БРИМА-Галуп, Лондон, го искористува во работата на проекти од областа на менталното здравје, применетата развојна психологија и социјалната психологија во здравствените услови.

Нејзиното академско искуство во клиничката психологија е од големо значење во воспоставувањето на Високата здравствена школа и Медицинскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во октомври 2007 г., доц. д-р Ленче Милошева е избрана на функцијата проректор за образование и настава на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**2. Наставно-образовна дејност**

Врз основа на приложената документација, се гледа дека кандидатката во изборниот период била активно вклучена во наставно-образовниот процес на Педагошкиот факултет, а во текот на 2007/2008 г. и на Високата здравствена школа при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

На Педагошкиот факултет во изборниот период (2003-2008 г.) изведува настава (предавања, вежби и испити) на студенти – идни наставници и воспитувачи, како и на студенти на дообразување, по предметите Развојна психологија, Социјална психологија и Методика на работа со деца со попреченост во развојот.

Како резултат на студискиот престој во САД, кандидатката со образложен елаборат ги воведува предметите Ментално здравје на деца и адолесценти и Позитивна психологија.

Исто така, во отсуство на наставник, за време на целиот период е ангажирана за предавања, вежби и испити по предметот Педагошка психологија.

На Високата здравствена школа при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во текот на 2007/2008 г. изведува настава по предметите Здравствена психологија и Позитивна психологија.

**Студиски престои во странство**

Во периодот од последниот избор во звањето доцент, д-р Ленче Милошева имала студиски престои во:

- *Child-centered Methodology Curriculum Development, USAID, FOSIM, World Learning* (London, UK, November, 20-26, 2005);

- *GMU Integration of Technology in Schools. Online Certificate program,* 2006, Virginia, USA (Постдипломец на информатички модул на George Mason University - II course, ментор prof. Dawn Hathaway, M.Ed.);
- *Integrating E-learning across Teachers Curriculum, JEP TEMPUS* (Luven, Belgium, January, 21-31, 2008).

Како посебно значајни подолу ќе ги издвоиме некои од активностите за време на студискиот престој во САД, JFDP, US State Department's alumni, визитинг-професор, јануари-јуни 2007 г., College of Arts and Science, Department of Psychology and College of Education, Louisiana State University, Baton Rouge, USA.

Академски области на постдокторското усовршување се: развојна психологија (деца и адолесценти); применета развојна психологија; развојна психопатологија (клинички дел); позитивна психологија и ментално здравје (деца и адолесценти). Студискиот престој е под менторство на професорите:

***Prof. Thompson Elder Davis III, Ph.D.*** (Клиничка област)
www.lsu.edu/psychology/faculty/davis.pdf
The Laboratory for Anxiety, Phobia, & Internalizing Disorder Studies (LAPIS)
www.lsu.edu/psychology/anxiety и
***Prof. Kevin Grobman, Ph.D.*** (Развојна психологија)
www.lsu.edu/faculty/grobman/
Developmental Psychology Laboratory

Во периодот јануари-јуни 2007 г., престојува и работи во САД. Нејзин официјален универзитет-домаќин е LSU, Louisiana State University, College of Education, LSU и College of Art and Science, Department of Psychology, LSU, Baton Rouge, главен град на државата Луизијана.

Како визитинг-професор, доц. д-р Милошева е активно вклучена во наставата за предмети од областа на развојната психологија и психопатологија, позитивната психологија, применетата развојна психологија во образовен контекст и менталното здравје (превенција и советување) на докторантско ниво. Таа е активно вклучена во две истражувачки лаборатории (Developmental Psychology Lab; LAPIS), од кои едната е со клинички карактер во склоп на Клиниката за деца и адолесценти, а другата со истражувачки карактер, во склоп на Факултетот. Предавањата ги изведува на докторанди на College of Education, LSU и College of Art and Science, Department of Psychology, LSU.

Во прилог кандидатката достави осум препораки од еминентни професори од САД, од областа за која конкурира, а во кои нејзината работа е оценета највисоко.

Кандидатката има ретка можност да присуствува на елитни предавања на познатиот Harvard University и да воспостави нови академски контакти. Ги продлабочува и поранешните контакти со George Mason University во Вирџинија, Corpus Christy во Тексас и University of Arizona во Аризона. Исто така, учествува со свои изложувања на неколку конференции, семинари, тренинг работилници и проекти.

**Придонес за развој на психолошката наука во Р. Македонија**

Како резултат на академското искуство во САД, доц. д-р Милошева развива и имплементира нови курикулуми во Р. Македонија, и тоа:

- *Позитивна психологија* – задолжителен предмет на Педагошкиот факултет;
- *Развојна психологија* – редизајниран со електронско учење;
- *Позитивна психологија* – изборен предмет на Високата здравствена школа;
- *Здравствена психологија* – задолжителен предмет на Високата здравствена школа и Медицинскиот факултет;
- *Ментално здравје на деца и адолесценти* – изборен предмет на Педагошкиот факултет.

## 3. Научноистражувачка и стручно апликативна дејност

Посебни психолошки области и предмети за кои доц. д-р Ленче Милошева покажува академски интерес се:

- *Развојна психологија (емоционален и социјален развој) и психопатологија;*
- *Позитивна психологија во образование и здравство;*
- *Ментално здравје (деца и адолесценти);*
- *Здравствена психологија;*
- *Психолошки истражувања и примена во ИКТ.*

**Рецензент на интернационални списанија и трудови на стручно-научни собири:**

- Book of Proceedings for 15th Psychology Days in Zadar, Croatia (17.9.2006; 30.8.2006);
- Handbook of Digital Information Technologies: Innovations and Ethical Issues, University of Southern Denmark, Denmark (15.4.2007);
- IJBSR, International Journal of Business and Systems Research, USA, (14.3.2007);
- Journal Iskanja (Vzgoja-Pre-Vzgoja), (Eds. Skalar V.& Dobrnjic Decman O.) Celje, Slovenija (2008- );

• Cross Educational Dialogue (Selected topics), (2008). (Eds. Olga Decman Dobrnjic at al.) Ljubljana: The National Educational Institute of Slovenia; Tainan: Department of Education, National University; Kranj: Modern Organization, Faculty for Organizational Sciences. ISBN 978-961-234-651-5;

• The 2nd International Conference on Educational Models in Global Societies,17th and 18th of April, 2008, Ljubljana, Slovenia.

**Работа на проекти:**

• 2005-2008 *„Creative teaching/learning”*, USAID, FOSIM (учесник);

• 2006- *„Emotions and Social relationships at school”* at University of Lapland, Finland (надворешен учесник и истражувач);

• 2008- , *Local employment, education and training initiatives* - "Joint Days of Life-long Learning", (Neighborhood Programme Bulgaria – Republic of Macedonia ), *Ministry of Regional Development and Public Works, Bulgaria & European Agency for Reconstruction, Skopje, Macedonia* (учесник).

**Реализирани проекти:**

• 2005-2006, *“IT in In-Service Teacher Training”* (2005-2006). USAID (Training Provider-George Mason and George Town University), (учесник и обучувач);

• *BFI, Austria consultants certificate,* 2006, *“VET- 4 educational reform project“.* Ministry of Education and Science, Macedonia & LDK, Greece & BFI, Austria consultants (сертифициран експерт-обучувач и супервизор);

• 2006-2008, Tempus Joint European Project *“Integrating E-learning across Teachers Curriculum”*, Faculty of Education, Stip & Universities of Holland, Belgium and UK (учесник);

• 2007,*“Positive Behavior Support Project”* (SWPBS), USA (учесник и евалуатор);

• 1991-1995, Серија проекти, *BRIMA - Gallup,* London (учесник, истражувач и координатор).

**Научни и академски публикации и соопштенија на стручно-научни собири**

Во изборниот период (2003-2008 г.) доц. д-р Ленче Милошева учествува на повеќе интернационални конференции, семинари, конгреси, во сферата на својата наставна и академско- истражувачка област, притоа објавувајќи поголем број научни трудови:

1. **Милошева, Л.** (2004). *Сликата за себе кај адолесценти со ризик-однесување*. Зборник на апстракти. I конгрес на лекарите по општа медицина на Македонија, 2-6 јуни, Охрид, Р. Македонија. Мак. медицински преглед, 58: (супл.60): стр. 258-259.

2. **Miloseva, L.** (2004). *Social interactions between adolescents with mental retardation*. Abstract book. I конгрес на лекарите по општа медицина на Македонија, 2-6 јуни, Охрид, Р. Македонија. Мак.медицински преглед, 58: (супл.60): стр.259.

3. **Милошева, Л.** (2004). *Афективно-конативните црти на личноста и благите психопатолошки отстапувања во потрошувачкото однесување.* Зборник на апстракти. III конгрес на психијатрите на Македонија, 13-17.10., Охрид, Р. Македонија. Мак. медицински преглед, 58: (супл.62): стр.87-88.

4. **Милошева, Л.**, Ристески, П. (2004). *Предности и недостатоци на тестовите за деца со лесна ментална ретардација*. Зборник. II конгрес на невролозите на Р. Македонија, 27-30.9., Охрид, Р. Македонија, Мак. медицински преглед (супл.61): стр. 63.

5. **Милошева, Л.** (2004). *Профилот на психопатските структури на личност и криминалните форми на однесување.* Зборник на апстракти. III конгрес на психијатрите на Македонија, 13-17.10., Охрид, Р. Македонија. Мак. медицински преглед, 58: (супл.62): стр.72.

6. **Милошева, Л.** (2004). *Образовен менаџмент – Справување со насилство во училишта*. Зборник на апстракти. Научен собир: Воспитно-образовните функции на предучилишното и на основното образование во современите услови, 14-16.10., Струга, Р. Македонија, стр. 222-227.

7. **Miloseva, L.** (2004). *A theoretic and empiric scheme, researching the student's moralities at the age of 10-14 on the theritory of R. Macedonia.* Proceedings. International Conference Culture and Education–Perspective. November,1-3, Plovdiv, Bulgaria, p.12-15.

8. **Miloseva, L.** (2004). *Educational Management-Managing the violence in School.*

CD Proceedings of International Conference Development of Education through transformation and professionalization of management. November, 25-27, Sofia, Bulgaria.

9. **Miloseva, L.** (2005). *Computer mediated communication (CMC) versus face to face communication (FtF) (Romantic Interpersonal relationship).* Proceedings of papers II Int. (vo.2). Conf. Informatics, Educational Technology and New Media in Education. April, 1-2, Sombor, Serbia, p. 121-124.

10. Anderson, K., **Miloseva, L**.(2005). *Experiential Based Self-Efficacy Factors for Pre-Service Teachers in the Changing Context of Education.* Proceedings of Conference. Promoting Equality, Access and Change in Education. April, 15-17, Herceg Novi, Montenegro, p.33.

www.edprogram.ca/serbian/peaceprogram.pdf

11. **Miloseva, L.** (2005). *The Family from a Child Developmental Perspective. Proceedings of Conference.* Balkan Scientific Conference of Biology. May, 19-21, Plovdiv, Bulgaria.

www.sec.swu.bg/programme.doc

12. Anderson, K., **Miloseva, L.** (2005). *Success Factors in relation to Efficacy Building for post practicum teachers.* Book of abstracts. 7th Alps-Adria - Conference in Psychology. June, 2-4, Zadar, Croatia, p.145.

13. **Miloseva, L.** (2005) *Personal dispositional structure of consumer behaviour. Book of abstracts.* 7th Alps-Adria - Conference in Psychology. June, 2-4, Zadar, Croatia, p.141.

14. **Miloseva, L.** (2005). *Positive Psychology and learning: A cross-Cultural Approach.* Proceedings of Conference. III Balkan Scientific Congress Interculturality in the Educational process, Sept. 22-24, Stip, R.Macedonia, p.109-112.

15. Anderson, K., **Miloseva, L.**, Walker, K. (2006). *Learning to Teach from Each Other: Canadian Pre-Service Teachers' Perceptions on Efficacious Building Experiences with an European Reflection.* Proceedings of papers. III International Conference. Informatics, Educational Technology and New Media in Education. April, 1-2, Sombor, Serbia, p. 14-22.

16. **Miloseva, L.**, Anderson, K.(2006). *Emotion and multimedia: A Model for Fostering Emotional Well-Being in Classroom with Multimedia Story.* Proceedings of papers. III International Conference. Informatics, Educational Technology and New Media in Education..April,1-2 ,Sombor, Serbia. p. 270-277.

17. **Miloseva, L.** (2006). *Computer mediated learning and influences on interpersonal relationships.* International Psychology Conference: 15th Psychology days. May, 25-27, Zadar, Croatia. Paper Summaries, p.103.

www.psihologija.hr/bazaref.asp?j=&menu=199&akcija=reference&id=31

18. **Miloseva, L.** (2006). *Developing children's social, emotional and behavioral skills: a whole – school approach.* International Psychology Conference: 15th Psychology days. May,

25-27, Zadar, Croatia. Paper Summaries, p.102.
www.psihologija.hr/bazaref.asp?j=&menu=199&akcija=reference&id=41

19. **Miloseva, L.**, Milosev, V. (2006). *Psychological and Psychosocial Implications of Head and Neck Cancer.* Proceedings of Conference. First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck surgery with International Participation. May, 25-27, Ohrid, R. Macedonia. CD Proceedings. Book of Abstrakt, p.27-28.
www.stomatologija.org.mk/mfh2006/topic.aspx?id=1

20. **Miloseva, L.** (2006). *Informal learning in Digital Era: Social relationships, emotion and competencies.* Conference, Informal Learning and Digital Media: Constructions, Contexts, Consequences. September, 21-23, University of Southern Denmark, Odense, Denmark.
www.dream.sdu.dk/uploads/files/Miloseva%20Lence%20-%20Miika%20Lehtonen.pdf
www.dream.sdu.dk/index.php?page=0114&lang=Dansk

21. **Miloseva, L.**, Karanakov, B., Tosevska, K., Milosevska, T., Zinovski, M. (2007). *Higher Education Goals in R.Macedonia.* Group work and presentation. JFDP Pre-Orientation Conference, University of Kansas, January, 11-12, Kansas, Lawrence, USA.

22. Lehtonen, M. & **Miloseva, L.** (2007). *Psihologija medijskog obrazovanja u savremenoj nastavnoj profesiji.* Informatika, Tehnologija i obrazovanje za drushtvo uchenja i znanja. 4. Medgunarodni simpozijum, Jan. 26-27 2007. Prirodno-matematichki fakultet, Novi Sad, Univerzitet N.Sad, Srbija, p.57-58.
www.cnti.co.yu/TIO2007/MATERIJALI/Program%20IV%20medunarodni%20simpozijum.pdf

23. **Miloseva, L.** & Lehtonen, M. (2007). *Mogucnosti integrisanja IKT u kurikulum razvojne psihologije.* Informatika, Tehnologija i obrazovanje za drushtvo uchenja i znanja. 4. Medgunarodni simpozijum, Jan., 26-27, 2007, Prirodno-matematichki fakuletet, Novi Sad, Univerzitet N.Sad, Srbija, p.79.
www.cnti.co.yu/TIO2007/MATERIJALI/Program%20IV%20medunarodni%20simpozijum.pdf

24. Lehtonen, M., Thorsteinsson, G., Page, T. and **Miloseva, L.** (2007). *Simulations and Virtual Reality Learning Environments as Sociomental Tools in Technology Education.* Proceedings of the 9th Conference on Lifelong Learning in Europe (LLinE), Hamalainen, K., KVS Foundation & Finnish Adult Education Research Society, 9th International Conference on Lifelong Learning in Europe, University of Lapland, January 2007, Rovaniemi, Finland, p.134-145.

25. Lehtonen, M., Page, T., Thorsteinsson, G. and **Miloseva, L.** (2007). *Simulations and Virtual Reality Tools in Technology Learning: Results from Two Case Studies*. Proceedings of the sixth IASTED International Conference Web-Based Education, (557-187), Uskov, V. (ed), Actapress, Sixth IASTED International Conference, Web-Based Education, Chamonix, France, March, 2007, p. 233-240, ISBN 978-0-88986-650.
http://portal.acm.org/citation.cfm?id=193913

26. **Miloseva, L.** (2007). *Positive Psychology Program for Primary School Children: Coping With Stress in School.* In Online Program Book. SRCD Biennial Meeting, Sheraton Boston Hotel John B. Hynes Veterans Memorial Convention Center, March 29 –April 1, Boston, MA, USA.
http://www.srcd.org/meeting/schedule/2007/

27. **Miloseva, L.** & Lehtonen, M. (2007). *Computer Mediated Learning and Relationships Versus Face-to- Face Learning and Relationships.* In Proceedings of the The Teaching in Higher Education Forum. Making Knowledge about Teaching and Learning Visible, April, 15-17 2007, Holiday Inn, Conference Centre, Baton Rouge, Louisiana, USA. p.6 . www.celt.lsu.edu/CFD/THE/finalprogram.pdf

28. Milosev, V. & **Miloseva, L.** (2007). *Can we implement Positive Psychology in treatment of patients with head and neck cancer?* CD Proceedings. Second Congress of Plastic,

Reconstructive and Maxillofacial Surgery, April, 23-25, Tuzla, BiH.

29. **Miloseva, L.**, & Lehtonen, M. Page, T., Thorsteinsson, G. (2007). *Simulations and Virtual Reality Learning Environments as sociomental tools in Education.* Program book. X th European Congress of Psychology. July, 3-6, 2007, Prague. Czech Republic. CD Proceedings.

www.ecp2007.com/data/programme_book.pdf

www.ordinepsicologi.piemonte.it/DocsImgs/docs/Congresso%20Praga/files/abstract-791.html

30. **Miloseva, L.** (2007). *Can we promote children development with emotional skills and literacy.* Program book. Xth European Congress of Psychology. July, 3-6, 2007, Prague. Czech Republic. CD Proceedings.

www.ecp2007.com/data/programme_book.pdf

31.**Miloseva, L.**, & Lehtonen, M. (2007). *Computer Mediated Learning and Relationship or Face to Face Learning and Relationship?* 13th European Conference on Developmental Psychology. August, 21-25, Jena, Germany. CD Proceedings.

www.esdp2007.de/congress/esdp2007.pdf

32. **Miloseva, L**. (2007). *Positive Program for Primary School Children: Coping with stress in school.* 13th European Conference on Developmental Psychology. August, 21-25, Jena, Germany. CD Proceedings.

www.esdp2007.de/congress/esdp2007.pdf

33. **Miloseva, L.** (2007). *Integrating Positive Psychology Program into Primary Schools: Coping with stress in school.* Сборник тезисов Международнои научно-практическои конференции „Традиции и инновации в дошколном образовании", УДК 004. 438 (075), 7-9 новбра 2007 г, Москва, Русиа. 483-488.

34. **Miloseva, L.** (2007). *Role of Emotional Literacy Program in Reduction of Poverty Effects on Children in Schools.* Book of Abstracts. The 10 th International Conference „Educational Research and School Practice", Role of Education in Reduction of poverty effects on children in transitional countries. ISBN 978-86-7447-076-3.15-16, November, 2007. Institute for Educational Research: Belgrade, Serbia, p.139.

35. **Miloseva, L.** & Lehtonen, M. (2008). *Developmental Psychology Model for Media Education.* The 2nd International Conference on Educational Models in Global Societies, 17th and 18th of April, 2008, Ljubljana, Slovenia.

www.zrss.si/dokumenti/zajavnost/Program%20kongresa.doc

www.dvldd.si/O%20drustvu/Datoteke/Program%20Kongresa.pdf

**Научни и академски публикации во референтни списанија**

1. **Милошева, Л.** (2003-2004). *Една теоретско-емпириска рамка за истражување на моралноста кај учениците од 10 до 14 години на територијата на Р. Македонија.* Годишен зборник/ Annual Miscellaneous Collection. Штип: Педагошки факултет. Книга 3-4, Год.3: 37-42 .

2. **Милошева, Л.** (2005/2006). *Влијанието на мулти-медиумите врз детскиот развој.* Годишен зборник /Annual Miscellaneous Collection. Штип:Педагошки факултет „Гоце Делчев". УДК: 378 (497.7): 31-34. ISSN: 1409 – 9187.

3. **Милошева, Л.** (2005/2006). *Емоционална интелигенција: Развивање на емоционални и социјални вештини во училишта*. Воспитание. Штип: Педагошки факултет. Год.4, бр.6-7: 25-35.

4. M. Lehtonen (Finland), T. Page, G. Thorsteinsson (Iceland) and **L. Miloseva** (Macedonia) (2007). *Simulations and Virtual Reality Tools in Technology Learning: Results from Two Case Studies.* From Proceeding (557) Web-based Education - 2007

www.actapress.com/PDFViewer.aspx?paperId=29958, Full text available, p.233-240.

5. **Miloseva, L.** (2007). *Multimedia Story in classroom and emotional well-being.* Iskanja. (Vzgoja- Pre-Vzgoja).Urednika: Skalar V.& Dobrnjic Decman O. Leto 25, stevilka 28, junij, 2007, p.59-66. Celje, Slovenija. ISSN 0352-3233. COBISS 1.01

http://student.pfmb.uni-mb.si/~gambroz/Iskanja/Iskanja/Search28/Theory_and_researches.html

6. **Miloseva, L.** (2008). *Positive Psychology: Positive Emotions and Emotional Intelligence.* Iskanja. (Vzgoja- Pre-Vzgoja). Urednika: Skalar V. & Dobrnjic Decman O. Leto 26, stevilka 29, jan.2008, p.74-80. Celje, Slovenija. ISSN. COBISS 1.01

**Трудови во научни монографии**

1. **Lence Miloseva**, Kirk Anderson (2007). *Emotion and multimedia: a model fostering emotional well-being in classroom with multimedia story.* In Solesa, Dragan, Černetic, Metod, Gerlic, Ivan (Eds). New media in education (NME) (Selected topics) (p.206-213). Sombor: Faculty of Education; Kranj: Faculty of Organizational Science; Maribor: Faculty of Education. ISBN 978-86-83097-67-8.

2. **Lence Miloseva**, Miika Lehtonen (2008). *Developmental Psychology: A new model for Psychology of media education.* In Olga Decman Dobrnjic at al. (Eds), Cross Educational Dialogue (Selected topics) (p.75-87). Ljubljana: The National Educational Institute of Slovenia; Tainan: Department of Education, National University; Kranj: Modern Organization, Faculty for Organizational Sciences. ISBN 978-961-234-651-5.

**Поглавје во учебник во странство**

1. Lehtonen, M., Page, T., **Miloseva, L.** & Rajala, R. *Emotional and aesthetic implications in virtual reality learning environments.* In Informal Learning and Digital Media: Constructions, Contexts and Consequences. Cambridge: Cambridge Scholars Publishing (Cambridge Scholars Press), UK. (in press )

Покрај другото, доц. д-р Ленче Милошева има изготвено авторизирани предавања за предметите Позитивна психологија и Развојна психологија.

**Учество на конференции, симпозиуми, програми за обука и во работилници**

1. **Miloseva, L.** (2005). *7th Alps-Adria - Conference in Psychology*. June, 2-4, Zadar, Croatia. Round Table: The European diploma in Psychology. The State of the Art.

2. *IT in In-Service Teacher Training* (2005). USAID (Training Provider-George Mason and Georg Town University); August, 22-31, 2005, SEEU, Tetovo.

3. *Child centered Methodology Curriculum Development* (2005). Training program. Provider – Sutherland Education and London International Study Centre, London, UK. 20-26 November, 2005.

4. *Креативна настава и учење.* I семинар за наставничкиот кадар од педагошките факултети во Р. Македонија (2005). FOSIM, USAID. 2-4 декември 2005 г., Охрид.

5. *IT in In-Service Teacher Training* (2006). USAID (Training Provider-George Mason and George Town University). II workshop (Technology, Teachers and Young Learners; Technology and leadership); January, 16-25, 2006, Ohrid.

6. *Креативна настава и учење.* Развој на курикулуми во светлото на Болоњскиот процес-ЕКТС како врска меѓу академското признавање, квалификационата рамка и обезбедувањето на квалитетот. II семинар за наставничкиот кадар од педагошките

факултети во Р. Македонија (2005). FOSIM, USAID. 29 јануари - 1 февруари 2006 г., Охрид.

7. *Training certificate program I* (2006). (Train the Trainer). Training Provider: LDK, Greece & BFI, Austria consultants VET-IV Educational Reform Project, May, 4-7, 2006, Ohrid.

8. *Training certificate program II* (2006). (Train the Trainer). Training Provider: LDK, Greece & BFI, Austria consultants VET-IV Educational Reform Project, May, 26-28, 2006, Ohrid.

9. *Training certificate program III* (2006). (Evaluation and monitoring).Training Provider: LDK, Greece & BFI, Austria consultants VET-IV Educational Reform Project, September, 6, 2006, Skopje.

10. *Креативна настава и учење.* I семинар за редизајнирање на студиските програми за образование на наставници (2006). FOSIM, USAID. 14-17 септември 2006 г., Охрид.

11. **Miloseva, B. L.** (2006). *Emotion and Multimedia in Classroom.* Fourth Autumn Scientific Conference: Teachers and Social Workers Training in View of European Integration. September 18-23, 2006. Sofia University: Kitten, Bulgaria.

12. ***Miloseva, L***., *JFDP Mid- term Virtual Conference* (2007). Higher Education in USA and Europe, JFDP, March, 2007, USA.

13. **Miloseva, L.** (2007). *Virtual Conference. The LSU Virtual Museum of Natural Science: Sharing Louisiana's Natural Treasures with the Community: Life in the Bayou,* April, 20. Baton Rouge, USA.

14. *Why Try Program* (2007). Workshop certificate training program in the frame of the project SWPBS. April, 23-24, Baton Rouge, USA.

15. *Set of Advanced Educational Technology workshops* (2007). Organized by CELT, Louisiana State University, January-May, 2007. Baton Rouge, USA.

16. *Креативна настава и учење* (2008). Координатор на работилници за редизајнирање на студиските програми за образование на наставници на Педагошкиот факултет, УГД, Штип. FOSIM, USAID. 13-16 март 2008 г., Охрид.

**Посебни професионални способности**

Кандидатката доц. д-р Ленче Милошева има развиено компетенции за користење со програмите на Microsoft Office, статистички програми SPSS, STAT. Изведува настава поддржана со користење на: Telecommunications; Databases; Graphics; Advanced Telecommunications; Educational Software; Desktop Publishing; Multimedia /Hypermedia.

Од мај 2006 г. е постдипломец на Онлајн програмата – информатички модул на George Mason University, USA (Educational technology).

Во рамки на нејзиниот студиски престој од јануари до јуни 2007 г., како визитинг-професор на Louisiana State University, Baton Rouge, USA, во организација на Centre for Excellence in Education, LSU, е обучувана за електронско учење (blackboard), напредни курсеви за примена на ИКТ во образование.

Врз основа на доставената препорака од професор Luc Van Deput, за време на краткиот студиски престој на Католичкиот универзитет - Факултет за психологија и образование, Лувен, Белгија, јануари 2008 г., може да се заклучи за нејзините компетенции и афинитети за електронско учење.

Доц. д-р Ленче Милошева зборува одлично англиски и германски јазик и се служи со италијански јазик, за што има доставено и потврди.

**4. Организационо-развојна дејност**

Доц. д-р Ленче Милошева е член на долунаведените професионални и универзитетски асоцијации:

- Ректорска управа на УГД
- Сенат на УГД
- Наставно–научен совет на Педагошки факултет
- Претседател на Државна комисија за полагање на државен, стручен испит на наставници за одделенска настава, Министерство за образование и наука, Скопје
- Претседател на Комисија за наставни прашања на УГД
- Претседател на Комисија за спор на студенти и администрација на УГД
- Член на Управен одбор на Студентски дом - Штип
- MIRANDA NET –UK
- SRCD - Society of Research in Children Development - USA
- European Network of Positive Psychology
- Editorial Council and Reviewers for Journal Iskanja (Vzgoja- Pre-Vzgoja) (Eds. Skalar V.,& Dobrnjic Decman O.) Celje, Slovenija.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/2008 ), член 125, став 3, критериуми за избор во наставно-научни звања, Комисијата констатира дека м-р Велика Трајкова не ги исполнува предвидените услови на распишаниот конкурс.

Согласно член 9, став 2, 23 до 28 од Правилникот за единствени критериуми и постапката за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – „Универзитетски гласник“ број 2, од 1 ноември 2007 година, Комисијата констатира дека доц. д-р Ленче Милошева значајно го надминува вкупниот збир на предвидениот квантум (НО + НИ + САОР) за избор во вонреден професор.

Комисијата, откако ги разгледа и ги оцени поднесените документи, констатира дека кандидатката доц. д-р Ленче Милошева има високи научни и наставни достигнувања, организациско-развојни и апликативни активности во земјава и во странство и придонес за развој на психологијата во земјава, и врз основа на тоа има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да ја избере **доц. д-р Ленче Милошева во звањето вонреден професор** за наставно-научните области: развојна психологија, социјална психологија и позитивна психологија, по предметите: Развојна психологија, Социјална психологија, Позитивна психологија и Ментално здравје на деца и адолесценти.

**Рецензентска комисија:**

**Проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, с.р.**

**Проф. д-р Јаков Лазароски, с.р.**

**Проф. д-р Мирослава Николоска, с.р.**